*Софија ГЕОРГИЕВСКА*
*Фросина ДЕНКОВА-ЗАФИРОВСКА*

**УДК: 37.043.2-054**
**316.347:37-054(497.7)**

# СОЦИЈАЛНА ДИСТАНЦА КАЈ СРЕДНОШКОЛЦИ ОД МАКЕДОНСКА И ОД АЛБАНСКА НАЦИОНАЛНОСТ

***Кратка содржина***

*Социјалната дистанца која се манифестира во етничките односи се нарекува етничка и таа го означува прифаќањето на членовите на етничките групи во различни персонални и социјални односи. Таа ги означува интегрупните ставови, подготвеноста за поврзување со разни етнички групи, како и односот помеѓу ставовите кон различните етнички групи.*

*Основен проблем на ова истражување е да се утврди социјалната дистанца кај средношколците од македонско и од албанско етничко потекло во однос на припадниците на повеќе етнички групи. Истражувањето е извршено на пригоден примерок на средношколци од трета година чиј вкупен број е 251 испитаник од македонска и од албанска националност.*

*Анализата на положбите што ги зафаќаат конструктите во семантичкиот простор ги поддржуваат наодите добиени за автостереотипите и хетеростереотипите. На трите фактори македонските средношколци како најдистанцирани во семантичкиот простор ги оцениле Албанците, односно нив ги перципирале како најразлични од сопствената етничка група.*

*Кај албанските средношколци сликата е нешто поинаква. Тие, иако Македонците ги перципираат како многу поинакви, односно дистанцирани од сопствената етничка група, како најдистанцирани ги оцениле Србите.*

***Клучни зборови:*** *СОЦИЈАЛНА ДИСТАНЦА, СРЕДНОШКОЦИ, МАКЕДОНЦИ, АЛБАНЦИ*

За означување на интергрупните ставови, односно подготвеноста за поврзување со разни етнички групи, како и односот помеѓу ставовите кон различни етнички групи, социологот Парк го вовел терминот **социјална дистанца.**

Социјалната дистанца која се манифестира во етничките односи се нарекува етничка и таа го означува прифаќањето на членовите на етничките групи во различни персонални и социјални односи. Таа ги означува интегрупните ставови, подготвеноста за поврзување со разни етнички групи, како и односот помеѓу ставовите кон различните етнички групи.

Според мислењето на Хауард (Hauard, 1973, според Лазароски, 1994), под овој термин можат да се изучуваат четири различни феномени:

1. манифестирани норми на однесување-заклучок за социјалната дистанца врз основа на вистинското однесување;
2. идеализирани норми на однесување (вредности)-заклучок за социјалната дистанца врз основа на изразената преференција (желба) за специфичните начини на интергрупно однесување;
3. социјални норми на однесување-индикатор претставува изразената конвенционалност на специфичните начини на интергрупно однесување;
4. персонални норми на однесување-индикатор претставува изразената намера за лично ангажирање во специфичните начини на интергрупно ангажирање.

Многумина ја сметаат социјалната дистанца за бихевиорална компонента на социјалниот став, а нејзиниот негативен израз - **дискриминацијата** најчесто се дефинира како предрасуда во акција. Дискриминацијата може да се актуализира во различни форми, од едноставно избегнување контакт со припадниците на групата кон која постојат предрасуди, па сè до агресивни акти како најекстремно ниво на дискриминација.

Во своето истражување **Петроска-Бешка, Поповски** и **Кениг** (Petroska-Beska et al., 1998) се обиделе да дадат одговор на прашањето како македонските и албанските студенти на Педагошкиот факултет во Скопје ги перципираат своите етнички групи во однос на други (Турци, Срби, Бугари и Грци), во периодот помеѓу јануари 1996 и март 1998 година, со посебен осврт на Македонците и на Албанците. Поточно, се бараат разликите во стереотипиите што постојат за својата и за туѓите етнички групи, перципираните дистанции помеѓу етничките групи, како и дали постојат промени во стереотипиите и перципираните дистанции во периодот 1996-1998 година.

За таа цел на студентите на Педагошкиот факултет, вкупно 315 во првото мерење (159 Македонци и 156 Албанци) и 282 студенти во второто мерење (143 етнички Македонци и 139 етнички Албанци), им е зададена варијанта на Озгудовиот семантички диференцијал со која се оценуваат етничките групи на три фактори: евалуација, потенција и активност. Резултатите јасно покажуваат дека студентите од Педагошкиот факултет во Скопје ѝ припишуваат најпозитивни карактеристики на сопствената етничка група за разлика од стереотипиите што им ги припишуваат на туѓите етнички групи. Македонските студенти ги перципираат Македонците како: *социјабилни, добри, алтруисти, љубезни, искрени, успешни, интелигентни и помирливи,* за разлика од Албанците кои се оцениети повеќе како: *лоши, егоистични, несоцијабилни, сурови, нечесни, неуспешни, неинтелигентни и кавгаџии,* односно токму спротивното. Кај албанските студенти, следствено, се забележува истата тенденција. Тие ги оцениле Албанците со истите позитивни карактеристики со кои македонските студенти ги опишале Македонците, а Македонците, пак, ги оцениле негативно.

Сликата за сопствениот и за другиот етникум кај студентите на Педагошкиот факултет во Скопје била предмет на истражување спроведено од **Петроска-Бешка**

**и Кениг** (2002). Ова истражување опфаќа четири мерења извршени во различно време (1996, 1998, 2000 и 2002) на четири примероци извлечени од иста популација - студенти на Педагошкиот факултет во Скопје. Во секое мерење учествувале повеќето редовни студенти (Македонци и Албанци) од прва и од втора година на студии, кои се подготвуваат за идни одделенски наставници и предучилишни воспитувачи. Спроведеното истражување имало цел да даде одговор на прашањата: 1. Каква е сликата за *сопствениот* етнички селф наспроти сликата за етнички *Другиот* кај студентите Македонци и кај студентите Албанци? и 2. Како сликата за *сопствениот* етнички селф наспроти сликата за етнички *Другиот* се менува со текот на времето, под влијание на општествено-политички настани со конотација на меѓуетнички конфликт?

И во ова истражување како инструмент за прибирање на податоците е користена варијанта на Озгудовиот семантички диференцијал. Резултатите покажуваат дека во целина, во сликата за себе на Македонците, најпозитивно е изразено вреднувањето, а моќноста и активноста се поблиски до неутралното (себеси се гледаат повеќе како добри отколку како лоши). Во контекст на социјалната пожелност на проценуваните карактеристики, според мислењето на авторките, ваквиот наод може да се интерпретира како тенденција кон доживување на себеси во светлина на културално пропишаниот идеал: Македонците се добри, мирни, кротки, трпеливи.

Сликата која Македонците ја имаат за Албанците, пак, содржи елементи кои сликата на *Другиот* ја дефинираат како слика за *Непријателот*. За нив Албанците не се само инфериорни во вредносна смисла (значи *лоши),* туку истовремено се и *моќни и активни*, што значи дека се опасен противник. Албанците, пак, ја градат сликата за Македонците како за *немоќен и пасивен* противник со кој не би им било тешко да се справат. Тие ги гледаат Македонците како лоши (но, не премногу), немоќни и негативни, што значи - *безопасни.*

Во целина, кај двете групи вредносната компонента на сликата за себе се подобрува, наспроти тоа што сликата за Другиот има тенденција на влошување. Така, не само доживувањата на Другиот од страна на Македонците, туку и себедоживувањата на Албанците инклинираат кон пад во вреднувањето. Случувањето на косовската криза придонесе Македонците да се доживуваат како најмалку моќни, додека на Албанците тие им припишаа повисока моќ.

Кога се работи за активноста, Македонците гледаат на Албанците како на доста активни, а тоа се совпаѓа со нивната самоперцепција. Резултатите добиени во истражувањето покажуваат дека со текот на времето, двете групи психолошки сè повеќе се дистанцираат.

Етничкиот идентитет и персоналната ориентација се предмет на изучување и во еден друг труд, чиј автор е **Кениг** (2003). Истражувањето е фокусирано на неколку сегменти од можните разлики во структурата на етничкиот идентитет, чиј претпоставен извор на варијација е персоналната ориентација кон индивидуалистичкиот, односно кон колективистичкиот склоп на вредности. Субјекти во актуелното истражување биле 56 студенти - етнички Македонци (на возраст од 20-21 година, 51 женско и

5 машки), кои студираат на Институтот за психологија. За мерење на степенот на изразеност на индивидуализам - колективизам е користен адаптиран превод на Хофстедовиот прашалник за утврдување на соодветните културални димензии, а параметрите на етничкиот идентитет се определени со помош на **инструментот за структурна анализа на квалитетот** (конструиран во 1998, од Петроска-Бешка, В., Најчевска, М. и Кениг, Н.).

### *Проблем на истражување*

Основен проблем на ова истражување е да се утврди ***социјалната дистанца*** кај средношколците од македонско и од албанско етничко потекло во однос на припадниците на повеќе етнички групи. **Социјалната дистанца** го означува прифаќањето на членовите на етничките групи во различни персонални и социјални односи. Социјалната дистанца е репрезент за интергрупните ставови за подготвеноста за поврзување со разни етнички групи, како и за односот помеѓу ставовите кон различните етнички групи.

### *Инструмент*

Како инструмент за прибирање податоци во врска со етничките стереотипии е користена една варијанта на Озгудовиот семантички диференцијал, која е преземена од истражувањето на Петроска-Бешка и соработниците (1998). Тоа е листа од 16 пара придавки претставени со нивните позитивни и негативни крајности, кои се проценуваат на скала од седум степени (3 за различни нивоа на прифаќање на позитивниот пол на придавката, 3 за негативниот и 1 за неутрална процена на биполарната придавка). Добиените податоци беа трансформирани во скорови од 1 (најпозитивниот крај на континуумот) до 7 (најнегативниот крај на континуумот), што значи поголемиот скор означува припишување понегативни особини на концептот во дадената скала или фактор.

Концептите што требаше да се вреднуваат со овој инструмент беа осум етнички групи: Македонци, Албанци, Турци, Грци, Бугари, Срби, Американци и Руси. Првите шест етнички групи се релевантни за социополитичките односи во државата, а последните две се помалку релевантни.

Според барањата на Озгудовиот семантички диференцијал, листата од 16 придавки што го сочинуваат инструментот е групирана во три биполарни димензии, кои ги проценуваат концептите од аспект на вреднување (евалуација), моќност (потенција) и активност. Следствено на тоа, основната анализа и презентација на резултатите е направена во рамките на овие три димензии:

- **вреднување (*евалуација*)**: добри - лоши, алтруисти - егоисти, друштвени - недруштвени, љубезни - сурови, искрени - неискрени, успешни -

неуспешни, интелигентни - неинтелигентни, помирливи - кавгации. Факторот евалуација е заситен со биполарни придавки кои концептот го објаснуваат од неговиот вредносен аспект.

- **мо́кност (*потенција*):** силни - слаби, строги - попустливи, храбри - плашливи, мажествени - женствени. Во факторот потенција спаѓаат оние придавки кои концептот го објаснуваат од аспект на неговата сила.
- **активност:** активни - пасивни, избувливи - смирени, со предумисла - без предумисла, тешки - лесни. Факторот активност ги групира придавките кои изразуваат движење и акција

## *Примерок*

Истражувањето е извршено на пригоден примерок на средношколци од трета година, чиј вкупен број е 251 испитаник. Испитаниците се од две средни училишта од Скопје: ДСУ „Цветан Димов" (89 ученици од четири паралелки, од кои две на македонски наставен јазик и две на албански наставен јазик) и ДСМУ „Д-р Панче Караѓозов" (162 ученици од четири паралелки, од кои две на македонски наставен јазик и две на албански наставен јазик). Примерокот го сочинуваат вкупно 124 Македонци и 127 Албанци. Изборот на училиштата е направен врз основа на сознанијата дека во нив наставниот процес се реализира во паралелки во кои мајчин јазик е македонскиот и во паралелки во кои мајчин јазик е албанскиот.

**Табела 1.** Структура на примерокот по училишта, во однос на етничката припадност и полот

| Пол | етничка припадност | ДСУ „Цветан Димов" | ДСМУ „Д-р Панче Караѓозов" | вкупно |
|---|---|---|---|---|
| Машки | Албанци | 37 | 14 | 51 |
| | Македонци | 3 | 24 | 27 |
| Женски | Албанци | 31 | 45 | 76 |
| | Македонци | 18 | 79 | 97 |
| Вкупно | Македонци | 21 | 103 | 124 |
| Вкупно | Албанци | 68 | 59 | 127 |
| Вкупно | | | | 251 |

### *1.1 Социјална дистанца меѓу различни етнички групи*

За одредување на местото што го зафаќаат конструктите во семантичкиот простор е користена специфична статистичка метода која за овие цели ја развил Озгуд, таканаречената D-статистика. D е линеарна дистанца помеѓу два концепта на истиот фактор - покажува колку двата концепта се блиски или оддалечени во семантичкиот простор, односно колку се блиски по значење. Постапката за пресметување на линеарната дистанца е следнава: се пресметува разликата во скоровите (или просечните скорови, ако се работи за група испитаници како во ова истражување) меѓу концептите на соодветните скали на истиот фактор, разликите се квадрираат, па од нивната сума се пресметува квадратен корен. Притоа, се користи следнава формула:

$$D_{ij} = \sqrt{\sum d y 2}$$

D - линеарната дистанца меѓу концептите i и j, а

d - алгебарска разлика помеѓу скоровите i и j на истиот фактор

На пример: скорот на концептот „Албанци" (добиен како просечен скор од една група испитаници) за скалата добри - лоши се одзема од скорот на концептот „Турци" (добиен од истата група испитаници) за истата скала (добри - лоши) и добиениот резултат се квадрира. Постапката се повторува за секоја наредна скала (за истата група испитаници) сè додека не се добијат резултати за сите скали од еден фактор (во случајов тоа се 8 резултати за факторот евалуација). Добиените квадрати сега се сумираат и од добиената сума се пресметува квадратен корен. Добиениот резултат ја дава линеарната дистанца помеѓу концептот „Албанци" и концептот „Турци", која ја перципира соодветната група испитаници. Доколку D е помало, двата концепта се поблиски по своето значење, односно се наоѓаат поблиску во семантичкиот простор и обратно.

Значи, анализата на резултатите се базира на пронаоѓањето на оние концепти кои се здружуваат во кластери (имаат мало d) и на оние што се оддалечени едни од други (имаат големо D). Ваквата анализа е донекаде субјективна и арбитрарна, затоа што не постои статистички пресметана реперна точка според која би се утврдувало дали D е мало или, пак, големо.

Резултатите добиени по методот на линеарна дистанца се претставени во табелите 2-7. Во овие табели не се претставени сите можни дистанции перципирани од страна на македонските и албанските испитаници, туку само оние што се однесуваат на тие две етнички групи. Значи, резултатите покажуваат какви дистанции перципираат македонските испитаници меѓу својата и другите етнички групи, како и помеѓу албанската и другите етнички групи. И обратно, какви дистанции перципираат албанските испитаници меѓу својата и другите етнички групи, како и меѓу македонската и другите етнички групи.

Тука треба да се нагласи дека поголемиот D-скор означува дека двата концепта се перципирани како поразлични еден од друг и обратно. Односно, поголемо D меѓу две етнички групи означува дека испитаниците ги перципираат тие

две групи како поразлични една од друга, а помало d означува дека испитаниците ги перципираат тие две групи како послични.

**Табела 2.** Резултати на средношколците Македонци на факторот евалуација (D-скорови)

| | Мак. | Алб. | Турци | Срби | Бугари | Грци | Амер. | Руси |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Мак_ЕВАЛ | | 5.90 | 1.13 | 0.79 | 2.37 | 4.04 | 2.18 | 1.15 |
| Алб_ЕВАЛ | 5.90 | | 5.02 | 6.08 | 3.78 | 2.32 | 4.03 | 4.97 |

На факторот **евалуација** (Табела 2) средношколците Македонци како најразлични од својата етничка група ги перципирале Албанците и Грците, а како најслични со македонската етничка група ги перципирале Србите, Русите и Турците. Во исто време, тие ги процениле Албанците како послични со Грците и Бугарите, а како поразлични од Србите, Македонците и Турците.

**Табела 3.** Резултати на средношколците Албанци на факторот евалуација (D-скорови)

| | Мак. | Алб. | Турци | Срби | Бугари | Грци | Амер. | Руси |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Мак_ЕВАЛ | | 3.88 | 1.53 | 4.89 | 2.47 | 2.12 | 3.22 | 4.14 |
| Алб_ЕВАЛ | 3.88 | | 2.24 | 8.56 | 6.14 | 5.73 | 0.96 | 7.79 |

На факторот **евалуација** испитаниците Албанци како најразлични од својата група ги оцениле Србите, Русите, Бугарите, Грците, не толку различни Македонците, а како најслични Американците. Македонците, пак, од своја страна, биле перципирани како најслични со Турците, Грците и Бугарите, а најразлични од Американците, Албанците, Србите и Русите (Табела 3).

На факторот **потенција** (Табела 4) македонските испитаници перципирале голема сличност со сите етнички групи со тоа што најслични ги оцениле Турците. На ист начин ја перципирале и албанската етничка група, како слична со сите други.

**Табела 4.** Резултати на средношколците Македонци на факторот потенција (D-скорови)

| | Мак. | Алб. | Турци | Срби | Бугари | Грци | Амер. | Руси |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Мак_ПОТ | | 1.10 | 0.00 | 0.14 | 1.06 | 0.89 | 0.32 | 0.14 |
| Алб_ПОТ | 1.10 | | 1.14 | 1.10 | 0.37 | 0.45 | 1.01 | 1.15 |

**Табела 5.** Резултати на средношколците Албанци на факторот потенција (D-скорови)

| | Мак. | Алб. | Турци | Срби | Бугари | Грци | Амер. | Руси |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Мак_ПОТ | | 5.01 | 2.45 | 0.79 | 0.24 | 2.86 | 3.25 | 0.36 |
| Алб_ПОТ | 5.01 | | 2.60 | 5.77 | 5.08 | 4.71 | 1.81 | 5.12 |

Албанските испитаници на факторот **потенција** (Табела 5) перципирале најголема сличност меѓу својата етничка група и Турците и Американците, нешто послични биле со Грците, а најголеми разлики перципирале со Србите, па со Русите, Бугарите и со Македонците. Македонската етничка група, пак, ја перципирале како најслична со Бугарите, Русите и Србите, а најразлична со Албанците.

**Табела 6.** Резултати на средношколците Македонци на факторот активност (D-скорови)

| | Мак. | Алб. | Турци | Срби | Бугари | Грци | Амер. | Руси |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Мак_АКТ | | 1.35 | 1.04 | 0.94 | 1.11 | 0.82 | 0.81 | 0.97 |
| Алб_АКТ | 1.35 | | 1.25 | 1.37 | 1.34 | 1.09 | 1.32 | 1.32 |

На факторот **активност** македонските испитаници перципирале голема сличност со сите етнички групи и, притоа, како релативно помалку слични ги оцениле Албанците. Воедно, албанската етничка група ја перципирале како многу слична со другите етнички групи (Табела 6).

**Табела 7.** Резултати на средношколците Албанци на факторот активност (D-скорови)

| | Мак. | Алб. | Турци | Срби | Бугари | Грци | Амер. | Руси |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Мак_АКТ | | 2.40 | 1.27 | 1.37 | 1.18 | 0.72 | 1.54 | 1.12 |
| Алб_АКТ | 2.40 | | 1.14 | 3.58 | 3.42 | 3.07 | 1.05 | 3.38 |

Албанските испитаници на факторот **активност** ја перципирале својата етничка група како најслична со Американците и со Турците, а најразлична со Србите, Бугарите и Русите. Македонците ги перципирале како многу слични со сите етнички групи, освен со својата (Табела 7).

Попрегледна анализа на позициите што ги зафаќаат конструктите во семантичкиот простор, оценето од страна на македонските и албанските испитаници,

нудат податоците дадени на сликите 1- 7. На нив е прикажано каде испитаниците ги лоцираат различните етнички групи во однос на сопствената група, како и во однос на туѓата етничка група. Притоа, лоцираноста на конструктите се посматра на дводимензионална слика на семантичкиот простор, каде што димензии се: ***евалуација/ потенција*** и ***потенција/ активност***.




**Слика 1.** Позиција на Македонците за македонските испитаници (евалуација/ потенција)

Од Слика 1 се гледа дека македонските испитаници на факторите **евалуација** и **потенција** ја лоцирале својата етничка група во просторот на *добри* и *силни,* а притоа како најдистанцирани ги оцениле Албанците како *релативно лоши и релативно силни.* Воедно, како најблиски до својата етничка група на факторот **евалуација** се перципирани Турците, Србите и Русите, со тоа што Србите се перципирани како *подобри* од Македонците. На факторот **потенција**, пак, најблиску до својата група Македонците ги перципираат Турците, Русите и Американците со кои се речиси идентично *силни.* Македонските испитаници ги оцениле Албанците (Слика 2) како *релативно лоши* на факторот **евалуација** и *релативно силни* на факторот **потенција,** притоа перципирајќи ги како релативно блиски со Грците и со Бугарите, а далечни од Македонците, Турците, Русите, Американците и најмногу од Србите.




**Слика 2.** Позиција на Албанците за македонските испитаници (евалуација/ потенција)




**Слика 3.** Позиција на Македонците за македонските испитаници (потенција/ активност)




**Слика 4.** Позиција на Албанците за македонските испитаници (потенција/ активност)

На факторите **потенција и активност**, како што се гледа од Слика 3, македонските испитаници ја перципирале својата етничка група како *најактивна* и *исклучително силна*, а слични на нив и на двата фактора ги оцениле Американците, Турците, Русите и Србите. Бугарите, пак, се оценети како *релативно силни* и *релативно активни*. Македонците ги оцениле Албанците како *исклучително активни и релативно силни,* но, сепак тие, заедно со Бугарите, се перципирани како поразлични, а со тоа и на поголема социјална дистанца (Слика 4).

Албанските испитаници на факторите **евалуација и потенција** исклучително позитивно ја оцениле својата етничка група (Слика 5), перципирајќи истовремено голема дистанца од речиси сите други етнички групи, а посебно од Србите и од Грците, а најблиску до себе ги оцениле Американците. Притоа, Србите ги оцениле како релативно лоши и релативно слаби, а Македонците како *исклучително добри и неутрални* на факторот потенција. Со тоа Македонците ги оцениле најблиску до Турците, Бугарите и Грците, а најдалеку од Албанците, Американците и Србите (Слика 6).




**Слика 5.** Позиција на Албанците за албанските испитаници (евалуација/потенција)




**Слика 6.** Позиција на Македонците за албанските испитаници (евалуација/ потенција)




**Слика 7.** Позиција на Албанците за албанските испитаници (потенција/ активност)




**Слика 8.** Позиција на Македонците за албанските испитаници (потенција/ активност)

И на факторите **потенција и активност** (Слика 7) албанските испитаници најпозитивно ја перципирале својата етничка група, најмалку дистанцирајќи ја од Американците и од Турците, а најмногу од Македонците, Грците, Бугарите, Русите и од Србите. Македонците се оценети како неутрални на факторот потенција и релативно активни, при што се перципирани како релативно најслични со Грците, Бугарите, Русите и Србите (Слика 8).

### *1.2 Дали постои социјална дистанца меѓу средношколците Македонци и Албанци?*

Веќе долго во психолошките истражувања на односите спрема другите етнички групи се користи постапката за утврдување на социјалната дистанца. Категоријата „социјална дистанца" ја опфаќа конативната или однесувачката димензија на предрасудите (Лазаровски, 1994). Податоците добиени за социјалната дистанца ги покажуваат односите спрема определени етнички групи. Во овој контекст, негативните етнички стереотипи и нагласената социјална дистанца се израз на негативни етнички ставови и значат непријателски став спрема определена етничка група.

Анализата на положбите што ги зафаќаат конструктите во семантичкиот простор ги поддржуваат наодите добиени за автостереотипите и хетеростереотипите. На трите фактори македонските средношколци како најдистанцирани во семантичкиот простор ги оцениле Албанците, односно ги перципирале како најразлични од сопствената етничка група. Ако ги генерализираме резултатите на целата македонска популација, тоа би значело дека македонската етничка група како спротивна на својата ја перципира токму албанската (кога Македонците се „ние", Албанците се „тие"). Кај албанските средношколци сликата е нешто поинаква. Тие, иако Македонците ги перципираат како многу поинакви, односно дистанцирани од сопствената етничка група, како најдистанцирани ги оцениле Србите.

Македонците како најблиски до својата група ги перципираат Србите, што е согласно со фактот на постоење долгогодишни добрососедски односи, додека, пак, за Албанците најблиски се Американците, веројатно од сознанието дека тие им даваат морална поддршка.

Дистанциите што ги перципираат и македонските и албанските средношколци помеѓу македонската и албанската етничка група можат да се толкуваат во контекст на социјално-политичката клима на микроплан (во рамки на училиштата) и на макроплан (во земјата и во регионот). На макроплан изминатиот период се карактеризира со неколку настани. Најнапред, со осамостојувањето на Македонија се разгореа националните страсти, како од политичките партии, така и од медиумите, при што национализмот стана составен дел и во образованието. Друг битен настан е конфликтот во Косово, кој долго време беше закана за стабилноста на Македонија. Можеби најнепосреден момент за етничките препирања во Македонија беше потпишувањето на Рамковниот договор, со кој, покрај другите барања,

позитивно се одговори и на воведување двојазичност во училиштата. Етничките тензии меѓу двете споредувани групи ескалираа во неколку наврати и на различни локации поради барањата на албанските средношколци за воведување мајчин јазик и спротивставувањето на македонските средношколци на исполнување на тие барања.

*Литература*

Petroska-Beska, V., Popovski, M. & Kenig-Bogdanovska, N. (1998) ***Ethnic Stereotypes among future Pre-school and Primary-school teachers***. Ethnic Conflict Resolution Project, Faculty of Philosophy, Skopje

Кениг, Н. (2003) ***Етнички идентитет и персоналната ориентација: поврзаност меѓу димензијата колективизам - индивидуализам, вредну-вањето на етничките симболи и емпатиската идентификација***. Годишен зборник, Филозофски факултет - Скопје, Книга 56, 195-210

Лазаровски, Ј. (1994). Националната приврзаност и односот спрема други народи. НИП Студентски збор, Скопје

Петроска-Бешка, В. и Кениг, Н. (2002). ***Сликата за сопствениот и за другиот етникум кај студентите на Педагошкиот факултет во Скопје.*** Годишен зборник, Филозофски факултет, Скопје, Книга 55, стр. 105-124

*Sofija GEORGIEVSKA*
*Frosina DENKOVA ZAFIROVSKA*

## SOCIAL DISTANCE BETWEEN MACEDONIAN AND ALBANIAN HIGH SCHOOL STUDENTS

***Summary***

*Social distance that is manifest in ethnic relations is called ethnical and it is typical for the acceptance of members of different ethnic groups in personal and social relationships. It marks integroup attitudes, willingness to connect with various ethnic groups, and the relationship between attitudes towards different ethnic groups.*

*A basic problem of this research is to establish social distance among students from Macedonian and Albanian ethnic origin. The research was conducted on a convenience sample of students from third year the total number of respondents is 251 Macedonian and Albanian students.*

*Analysis of the positions that constructs affecting in the semantic space support the findings obtained for auto stereotypes and hetero stereotypes. Macedonian students of the three factors an most distanced in the semantic space evaluate Albanians.*

*The Albanian high school picture is a little bit different. They, though Macedonians perceived as very different or distant from their own ethnic group, as assessed most distanced are the Serbs.*

***Key words:*** *SOCIAL DISTANCE, HIGH SCHOOL STUDENTS, ETHNIC MACEDONIAN, ETHNIC ALBANIAN*